Врз основа на член 70, член 72, член 75, член 76 како и член 108 став 1 алинеа 12 од Законот за основното образование (Сл. Весник на Република Северна Македонија бр.161/19 и 229/20), Училишниот одбор на ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар, на седница одржана на ден 13.11.2024 година, изготви :

П Р А В И Л Н И К

за видовите на пофалби, награди, изостаноците од настава и педагошките мерки за учениците од ООУ„11 Октомври“ – Скопје, Центар и начинот за нивно доделување или изрекување

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат правата и обврските на учениците, видовите на пофалби и награди, изостаноци од настава и педагошки мерки за учениците од ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар и начинот за нивно доделување или изрекување.

Член 2

Овој Правилник се темели на низа Закони, подзаконски акти и меѓународни документи, кои обезбедуваат основна рамка за заштита и промовирање на правата на децата, како:

- Законот за основно образование;
- Законот за правата на детето;
- Упатство за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било формите на насилство, злоупотреба и заменарување;
- Протокол за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување;
- Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето.

Член 3

Ученикот има право и обврска да ја посетува наставата и да учествува во воспитно-образовната работа што ја организира училиштето.

Ученикот има обврска да постапува во согласност со правилата за однесување во училиштето предвидени во куќниот ред, редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните права, обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа.

Секој ученик има право да биде запознаен на соодветен начин, во согласност на своите знаења и можости, со правила на однесување во училиштето предвидени во куќен ред, како и наставни планови и програми.

Член 4

Правата на учениците во основното образование се дизајнирани да заштитат и да обезбедат квалитетно образование и достоинствена средина за учење, како што се:

- **Право на образование:** секој ученик има право на образование, вклучувајќи пристап до училишта и соодветна средина за учење;

- **Право на квалитетно образование:** учениците имаат право на квалитетно образование, едукативни материјали и методи на настава, право на соодветни образовни ресурси и материјали, вклучувајќи учебници, лабораториска опрема и технологија, право на пристап до библиотеки и културни ресурси кои ги збогатуваат нивните знаења и интереси;

- **Право на образование за дигитална писменост:** учениците имаат право на едукација за дигитална писменост и етичка употреба на технологијата, обезбедувајќи нивна безбедност и одговорно користење на интернетот;

- **Право на безбедност и сигурност:** учениците имаат право на безбедна училишна средина, вклучувајќи мерки за спречување насилство, злоупотреба и малтретирање во училиштата, право на безбедносни и здравствени мерки во училиштето, вклучувајќи процедури за пожар и елементарни непогоди, пристап до прва помош и здравствена заштита, право на образование и поддршка за дигитално граѓанство и безбедност на интернет;

- **Право на недискриминација:** учениците имаат право да бидат третирани подеднакво и да не бидат дискриминирани врз основа на нивната раса, пол, религија, националност, попреченост или други лични карактеристики;

- **Право на учество и изразување:** учениците имаат право да учествуваат во одлуките што ги засегаат и да ги изразат своите мисли и идеи во рамките на училишната заедница;

- **Право на приватност:** учениците имаат право на приватност и заштита на нивните лични информации, како и приватност на нивната комуникација и изразување**;**

- **Право на информации:** учениците имаат право на информации за нивното образование и насоки за различни образовни патеки и опции за кариера, да бидат информирани за училишните правила и процедури соодветно на нивната возраст.

- **Право на посебна поддршка:** учениците со посебни образовни потреби имаат право на индивидуализирана и посебна поддршка за учество во образовниот

процес, право на образовни помагала и приспособливост на образовниот процес за задоволување на нивните специфични потреби;

- **Право на здрава и чиста училишна средина:** учениците имаат право на здрава и чиста училишна средина и право на едукација за одржливост и одговорност кон животната средина;

- **Право на образование за толеранција и интеркултурност:** учениците имаат право да се едуцираат во атмосфера на толеранција, инклузивност и интеркултурност.

Член 5

Учениците во основното образование имаат и права и **обврски** кои помагаат да се создаде позитивна средина за учење и социјална средина, да ги обликуваат учениците во одговорни, емпатични и ангажирани ученици, со развиени добри навики, кои покажуваат почит кон другите и придонесуваат за позитивна и одговорна култура во училиштето, како што се:

- **Присуство и навременост**: сите учениците треба редовно да ја посетуваат наставата и да учествува во воспитно-образовната работа што ја организира училиштето и да не доцнат на часовите;
- **Ангажирање и активно учење:** сите учениците треба активно да се вклучат во нивното учење, да учествуваат во дискусиите на часовите, да поставуваат прашања и да ги завршат домашните задачи;
- **Промоција на позитивно однесување:** е право и обврска што придонесува за градење грижлива и поддржувачка училишна средина и хармонична училишна заедница каде сите учениците треба да ги почитуваат своите наставници и врсници, вклучително и да ги следат правилата во училницата и училиштето, да се однесуваат кон другите со љубезност и учтивост, со емпатија и сочувство, да соработуваат со своите соученици, да ги почитуваат различните мислења и култури;
- **Придржување до училишните правила:** сите учениците треба да ги следат училишните правила и етичкиот кодекс на однесување, кои може да го опфатат однесувањето и другите аспекти од училишниот живот, да се придржуваат кон правилата и постапките за однесување во училиштето и да ги прифатат последиците за поединечни нарушувања на истите, во согласност со Закон и меѓународни акти;
- **Почитување на личниот и училишниот имот:** сите учениците треба да покажат почит и за личниот и за училишниот имот, третирајќи го со грижа и одговорност;
- **Учество во воннаставни активности:** сите учениците треба да се охрабруваат да учествуваат во воннаставни активности, манифестации, настани, натпревари, хуманитарни и општествено одговорни активности, со кои ќе го промовираат училиштето и ќе го збогатат своето образовно и културно искуство;
- **Одржување на чиста и безбедна средина:** сите учениците треба да бидат проактивни во одржувањето на чиста и безбедна училишна средина;
- **Промоција на здравје и благосостојба:** сите учениците треба активно да вклучат однесувања за промовирање на здравјето, вклучувајќи физичка активност, правилна исхрана , редовна здравствена заштита и ментална благосостојба;
- **Решавање конфликти на мирен начин:** сите учениците треба да научат како да ги решаваат конфликтите, несогласувањата и споровите на мирен и конструктивен начин, вклучувајќи користење на комуникациски вештини и толеранција кон различни ставови;
- **Употреба на технологија и интернет на одговорен начин:** сите учениците треба да учат како да го користат интернетот и технологијата на одговорен начин,

вклучувајќи го и користењето на социјалните мрежи и дигиталните медиуми на начин кој ги штити нивните права и безбедност, со предходно обезбедени обуки и работлиници за безбедност при употреба на технологија и интернет, почитувјќи ги своите права и правата на другите;

- **Почитување на различности:** сите учениците треба да го почитуваат и разбираат значењето на различностите меѓу луѓето, вклучувајќи ги разликите во раса, пол, религија и култура, преку организирање на едукативни работилници и настани;
- **Зачувување на животната средина:** сите учениците треба да негуваат настани за општествена одговорност и зачувување на животната средина, вклучувајќи го и воведувањето на еко-пристапи во својот животен стил, преку позитивни примери од училиштето, наставниците и сите вработени во училиштето;
- **Свесност за безбедноста:** сите учениците треба да бидат свесни за безбедносните мерки во училиштето, да ги следат безбедносните протоколи и да ги пријават сите безбедносни проблеми до училишните служби, лично или анонимно, усно или писмнено;
- **Придонес за позитивна училишна култура:** сите учениците играат значајна улога во создавањето позитивна и инклузивна училишна култура преку демонстрирање на однесување со почит, поддршка и соработка, следејќи позитивни примери од директор, стручни служби, наставни и сите други вработени во училиштето.

Член 6

Секој вработен во училиштето е должен да се грижи за најдобриот интерес на ученикот и да го почитува неговото достоинството и интегритет, како и да ја применува и почитува Конвенцијата за правата на детето.

Забрането е телесно, психичко и сексуално малтретирање, казнување на ученикот и понижувачко однесување и постапување кон него.

Забрането е секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со Закон или со меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование.

Вработените и ангажираните лица во училиштето се должни да промовираат еднаквост и правичност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство, и да бидат пример за добри, морални и културни врдности.

Член 7

Основното образование се развива врз основа на следните начела:

- најдобар интерес и целосен развој на ученикот;
- еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност;
- општообразовен карактер на основното образование;

- обезбедување на квалитет на образованието и меѓународна споредливост на знаењата на учениците (навремено обезбедување на учебници, наставни и дидактички помагала);
- активно учество на учениците во животот на училиштето и заедницата (преку поттикнување критичко размислување и заземање на сопствен став и мислење,и разговарање за разни теми на одделенските часови, преку остварување на права и интерси во Ученички парламент, заштита на права и интереси преку Ученичкиот правобранител);
- подготвување на ученикот за доживотно учење;
- унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурност, мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност,
- грижа за физичка безбедност, како и грижа и унапредување на здравјето на учениците;
- автономност, компетентност и одговорност и
- партнерство помеѓу училиштето, родителите, односно старателите и единиците на локалната самоуправа.

II. ПОИМНИК

Член 8

Одделните поими, употребени во овој Правилник го имаат следново значење:

- **Ученик** – секој ученик и/или ученичка запишан/а во училиштето;
- **Наставник** – сите наставници вработени или ангажирани во училиштето;
- **Стручен соработник** - сите стручни соработници вработени или ангажирани во училиштето (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, социјален работник, библиотекар и друго);
- **Вработени** – сите вработени во училиштето;
- **Непотизам и субјективизам на наставник и родител /старател -** забрането е злоупотреба на службена или друг вид на моќ за доведување на роднини или пријатели, и нивни деца во поповолна состојба во однос на останатите; како и субјективни претпоставки на родители во однос на деца, ученици во ова училиште, кои се однесуваат на нивната здравствена, социјална, фамилијарна и друг вид на состојба;
- **Недоличното однесување на ученик** - сè однесува на негативното или неприфатливо однесување на ученикот во училишната средина. Ова може да вклучува различни видови нарушување на правилата и нормите на училишната заедница како: **негативни постапки** – се постапки кои некој намерно ги задава или се обидува да ги зададе на некој друг со цел да го повреди или да му нанесе штета; **негативно однесување** кон врсниците пројавено како физичко и вербално насилство, омраза, предрасуди или булинг; **нарушување на воспитно-образовниот процес** преку нарушување на часот, барање на неконтролирани прекини (искучок се деца со специфичен раст и развој и посебни потреби) итн.;
- **кршење на училишните правила**, како на пример одење без дозвола од училиштето, неоправдано изостанување, доцнање на часови во текот на наставата и сл.;

- **Несоодветното однесување на ученик** во основното образование се однесува на неприфатливото или невоспитано однесување на ученикот во училишната средина, како непочитување на сооученик, наставник и авторитет, кое може да биде наведено како пример на неприфатливо однесување. **Несоодветното однесување** може да вклучува следниве аспекти: вербално насилство како употреба на вулгарни зборови, навредување, исмевање и сл.; **Физичко насилство** како физички напади, намерно и свесно причинување на физички повреди на други ученици; вршење на булинг;

- **Нарушување на училишните правила**, како што се нарушување на часот, одење без дозвола, кражба и сл.;

- **Непочитување на наставниот кадар**, одбивање да ги следат часовите, правилата на однесување на час, наставните програми и упатства, или да го почитуваат нивниот авторитет;

- **Носењето опасни предмети во училиштето** се однесува на чинот на носење или внесување предмети, материјали или супстанции кои претставуваат опасност и ризик за безбедноста и здравјето на учениците и на сите поединци во училишната средина. Овие опасни предмети може да се разликуваат по природа, но сите имаат потенцијал да создадат опасни ситуации. Примери на опасни предмети донесени на училиште вклучуваат:

    - Опасни хемикалии или токсични материи кои можат да предизвикаат повреди или здравствени ризици, како што се течности за чистење, хемикалии или други опасни материјали;

    - Експлозивни направи и пиротехнички средства (петарди, палење ракети и други пиротехнички средства) може да предизвикаат експлозии или да ги доведат својот живот и здравјето во опасност, но и животот и здравјето на другите;

    - Остри и тврди предмети: Остри или зашилени предмети како што се ножеви, сечила или предмети со остри рабови, и тврди предмети како што се стапови, палки, метални шипки, боксирачи и слично, кои можат да предизвикаат повреди;

    - Огнено оружје или оружје: Огнено оружје или друго оружје што може да претставува непосредна закана по безбедноста;

    - Психоактивни супстанции, лекови или алкохол што може да доведат до здравствени и безбедносни проблеми.

- **Врсничко насилство (Булинг)** - преставува збир на намерни негативни постапки, задавање или настојување да се зададе повреда или друг вид на непријатност или штета на друг ученик. Овие постапки се подолготрајни и насочени кон ист ученик или група ученици од страна на ист ученик или иста група на ученици;

- **Сајбернасилство** – преставува облик на малтретирање и вознемирување преку користење на компјутер, мобилен телефон или слични уреди. Подразбира праќање на навредливи, деградирачки и непосакувани СМС или ММС пораки, фото и видеоклипови, праќање на меил, чет и др.;

- **Најдобар интерес на детето** – подразбира постапување и одлучување при кои примарно значење имаат интересите на детето за негова заштита, воспитување и правилен раст и развој и ефектите што таквото постапување, односно одлучување, ги има врз детето.

III. ПОФАЛБИ И НАГРАДИ

Член 9

Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивните особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за постигнатите успеси во воспитно-образовната дејност.

Член 10

Учениците кои се истакнуваат со својата работа и поведение, кои покажале високи резултати во наставата и во воннаставните активности, ќе бидат пофалени и може да бидат наградени.

Член 11

Пофалбите и наградите можат да се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка секција, екипа или паралелка во текот или на крајот на наставната година.

Член 12

Ученик се пофалува и наградува ако се истакнува со :

- Континуирано залагање и напредување во наставата;
- Залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, литературни, ликовни и други наградни конкурси, изложби, лични трудови и слично);
- Примерно поведение и позитивно однесување во училиштето и надвор од него (развивање другарство, меѓусебно почитување и помагање на другите ученици;
- чество и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и други активности).

Член 13

На учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или воннаставни активности, на предлог на наставничкиот совет им се доделуваат посебни дипломи и пофалници.

Член 14

Пофалби и награди се доделуваат и на група ученици, секција или екипа која постигнува особени резултати (прво, второ, трето место на натпревари), како и на група или секција

која постигнува особени резултати во определена активност во училиштето и надвор од него.

Член 15

Предлог за пофалби и награди дава одделенскиот раководител, а одлука донесува наставничкиот совет.

Член 16

Пофалбите се доделуваат усно и писмено.

Усната пофалба на ученик е израз на признавање и одобрување што наставниците или другите авторитети во училиштето го изразуваат кон ученикот поради неговиот напор,

успех или одлично однесување. Оваа форма на пофалба има значајно влијание на самопочитувањето и мотивацијата на учениците и ги поттикнува да продолжат со своите позитивните однесувања и успеси.

Усната пофалба се дава во вид на пофален збор кон ученикот, пофалување и оддавање признание пред паралелката или пред наставничкиот совет, или на училишна манифестација, или преку известување на училишен разглас.

Писмените пофалби се даваат во вид на дипломи, пофалници и признанија.

Наградите се даваат во вид на одредени вредности што одговараат на нивната педагошка намена.

Член 17

За пофалбите и наградите се води писмена евиденција во училиштето. Постигнувањата на ученикот се запишуваат во додатокот на свидетелство.

Член 18

На крајот на деветтото одделение училиштето издава диплома за првенец на генерација и диплома за гордост на училиштето, кои свечено се доделуваат.

IV. РЕДОВНОСТ, ИЗОСТАНУВАЊЕ ОД НАСТАВА И ПОСТАПКА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ИЗОСТАНОЦИТЕ

Член 19

Основно право и обврска на секој ученик е право на образование, што подразбира редовно да присуство на сите наставни часови и на сите други задолжителни активности што треба да се спроведуваат во паралелката во која учи ученикот, како и да ги исполнува обврските утврдени со Законот за основно образование и општите акти на училиштето (за кои ќе биде соодветно запознаен, на начин и услови определени и утврдени погоре).

Член 20

За времетраење на наставниот час или други задолжителни активности, ученикот не смее да се однесува несоодветно.

За евентуалното несоодветно однесување на ученикот за време на одржувањето на наставни или други задолжителни активности, предметниот наставник ќе го опомени ученикот и доколку нема резултат задолжително ќе го извести одделенскиот раководител,

кој има обврска да разговора со ученикот, во присуство на еден од родителите, како и со стручните соработници во училиштето, за што секој води сопствена евиденција.

Член 21

Секое изостанување или задоцнување на ученикот на наставен час задолжително се евидентира како оправден или неоправдан изостанок во дневникот на паралелката, освен изостанување заради учество во вонучилишни активности (натпревари, квизови, проекти и сл.) и изостанување заради вонучилишни активности по писмено барање на родител/старател.

Член 22

За секое изостанување на ученикот од наставата родителот/старателот на ученикот е должен да го извести одделенскиот раководител на ученикот за причините за изостанувањето.

Известувањето родителот/старателот треба да го стори навремено, истиот ден кога ученикот е отсутен од настава и во рок од пет дена од првиот ден на изостанување треба да го оправда изостанувањето со соодветна медицинска или друга документација, во спротивно, изостанувањето на ученикот од наставата ќе се евидентира како неоправдано изостанување од настава.

Член 23

Изостаноците (оправдани или неоправдани) на ученикот ги регулира одделенскиот раководител.

Член 24

Се оправдува изостанување од настава на ученик кој добил дозвола од одделенскиот раководител, предметен наставник, стручната служба или за подолго директор на училиште.

Доколку ученикот нема оправдание за изостанувањето од настава, истото се евидентира како неоправдано изостанување од настава, за што веднаш усно (телефонски) или писмено (по маил, смс порака, вибер порака и сл.) се известува родителот на ученикот.

Член 25

Доколку ученикот задоцнил на час се евидентира неговото доцнење во дневникот на паралелката.

Член 26

Доколку родителот/старателот предизвикува доцнење на ученикот во континуитет, а со тоа го попречува воспитно-образовниот процес, родителот/старателот се повикува на разговор од страна на стручната служба.

Член 27

Одделенскиот раководител на паралелката може да одобри изостанување од настава на ученикот доколку неговото изостанување родителот/старателот го најави однапред, но не повеќе од (5) пет дена во наставната година.

Директорот на училиштето, по писмено барање на родителите/старателите од оправдани причини, може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата, но не подолго од 30 дена.

Член 28

Доколку ученикот од било кои причини континуирано не ја следи редовната настава (една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети) и нема основа за оценување, полага одделенски испит по предметите по кои не е оценет.

За одобрување на полагање на одделенски испит одлучува наставничкиот совет.

Член 29

Одделенскиот раководител е должен однапред да го извести ученикот и неговиот родител/старател со одлуката на наставничкиот совет дека ученикот ќе полага одделенски испит по одделни наставни предмети или сите наставни предмети.

Член 30

За ученици кои континуирано неоправдано отсуствуваат од настава повеќе од еден месец, се известува државниот просветен инспекторат во рок од три работни дена по истекот на месецот, а по потреба и Центарот за социјални работи.

V. ПЕДАГОШКИ МЕРКИ, ПРОЦЕДУРА И НАЧИН НА НИВНО ИЗРЕКУВАЊЕ

Член 31

Педагошките мерки се применуваат кон учениците кои не ги извршуваат обврските и ги повредуваат правилата на воспитно-образовната работа, а со цел да се постигне чувство на одговорност, спречување на негативните појави и непречено одвивање на воспитно-образовниот процес.

Член 32

Педагошките мерки се применуваат индивидуално и се темелат на објективност, одмереност, праведност и педагошка одговорност.

Член 33

Педагошките мерки на учениците се применуваат за следните случаи:

- Нередовно посетување на наставата;
- Нарушување на правилата на однесување кон другите ученици, наставници и возрасни;
- Неправилен однос кон училишниот имот;
- Попречување на воспитно-образовната работа во паралелката и училиштето.

Член 34

Педагошки мерки се:

1. Усна опомена;
2. Писмена опомена;
3. Укор;
4. Преместување на ученикот во друга паралелка;
5. Намалување на поведението.

Член 35

За учениците од **6-то до 9-то одделение** се применуваат сите педагошки мерки од точка 1 до точка 5 од член 34 на овој Правилник и нив ги ги изрекува:

1. Усна опомена - одделенски раководител;
2. Писмена опомена - одделенски раководител;
3. Укор – одделенски совет, наставнички совет и директорот на училиштето;
4. Преместување на ученикот во друга паралелка – одделенски совет, наставнички совет и директорот на училиштето;
5. Намалување на поведението– одделенски совет, наставнички совет и директорот на училиштето.

Член 36

За учениците од **1-во до 5-то одделение** се применуваат само педагошките мерки од точка 1 и точка 2 од член 34 на овој Правилник (Усна опомена и Писмена опомена) и нив ги изрекува одделенскиот раководител на паралелката.

Член 37

Педагошките мерки за **несоодветно однесување** се изрекуваат во следните случаи:

1. УСНА ОПОМЕНА

Педагошката мерка усна опомена ќе се примени поради нарушување на воспитно-образовниот процес од страна на ученикот со:

- Недолично и неодговорно однесување на ученик кон соучениците, наставниците и другите вработени во училиштето;
- Нередовност;
- Оневозможување на наставата со своето однесување;

- Непочитување на етичкиот кодекс на однесување;
- Нарушување на работната атмосфера на часот (зборување на час, тропање по клупа, свиркање со уста, вербално расправање со наставник, излегување од час или влегување) без дозвола од наставник;
- Користење мобилен телефон за време на наставен час без дозвола од наставник;
- Упатување на непристојни и несоодветни зборови кон наставникот или останатите ученици;
- Валкање на училишниот простор и околината;
- Одземање и уништување на предмети во туѓа сопственост.

- **Ако некои од учениците, кои учат во таа паралелка, претходно имаат добиено некоја педагошка мерка, кај нив ќе биде запишана наредната последователна педагошка мерка.**

* **Оваа педагошка мерката ја изрекува одделенски раководител на паралелката.**

2. ПИСМЕНА ОПОМЕНА

Педагошката мерка писмена опомена ќе се примени во случај кога ученикот повторно ќе биде евидентиран за нарушување на воспитно-образовниот процес со:

- Зборување на часот и по изрекување на педагошката мерка усна опомена;
- Поттикнување и внесување на неовластени лица во училишниот двор и во објектот на училиштето;
- Поттикнување на други ученици на неприфатливо однесување;
- Оштетување на училишниот инвентар
- Користење на мобилен телефон за време на часот и по изрекување на педагошката мерка усна опомена;
- Несоодветно комуницирање преку социјалните мрежи (упатување навреди, објавување недолични натписи и објавување фотографии од друго лице без дозвола), за време на престој во училиштето;
- Ако некои од учениците, кои учат во таа паралелка, претходно имаат добиено некоја педагошка мерка, кај нив ќе биде запишана наредната последователна педагошка мерка;
- Одземање и уништување на предмети во туѓа сопственост.

*** Оваа педагошка мерка ја изрекува одделенскиот раководител на паралелката.**

3. УКОР

Педагошката мерка укор ќе се примени поради потешки форми на нарушување на воспитно-образовниот процес:

- Предизвикување неред и физичка пресметка во текот на наставните часови и престојот во училиште;
- Внесување или конзумирање на цигари, алкохол во училишниот двор и во објектот на училиштето;
- Злоупотреба на мобилни телефони и други уреди во текот на наставата поради фотографирање и снимање недозволени содржини;
- Поттикнување на други ученици на неприфатливо однесување;
- Вознемирување на учениците или вработените во училиштето преку упатување на недолични и навредливи зборови;
- Навреди и вознемирување на дискриминаторска основа;
- Вршење сајбер насилство (континуирано вршење притисок преку користење на социјалните мрежи употребувајќи недолични зборови, неодобрено објавување на фотографии и видео записи со недолична содржина со што се врши повреда на угледот, честа и достоинството на личноста);
- Изнудување пари или други предмети од ученици;
- Присвојување на училишен или личен имот на ученици или на вработени во училиштето;
- Поттикнување на говор на омраза, политичко и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја;
- И во сите случаи од Второ ниво на насилство, кога мерките за промена на однесувањето не покажуваат резултати.

- **Оваа педагошка мерка ја изрекува Одделенски совет, Наставнички совет и директорот на училиштето.**

4. ПРЕМЕСТУВАЊЕ ВО ДРУГА ПАРАЛЕЛКА

Педагошката мерка преместување во друга паралелка ќе се примени поради:

- Повторување на постапките за кои веќе има изречена педагошка мерка укор;
- Неовластено користење на туѓи податоци за пристап во електронскиот дневник или други бази на податоци во училиштето;
- Попречување на воспитно-образовната работа со што е оневозможена нејзина понатамошна реализација;
- Поттикнување и внесување неовластени лица во училишниот двор кои потоа нанеле штета на лице/а или на имотот на училиштето;
- Намерно уништување и нанесување поголема штета на училишниот инвентар, зграда, сала и двор;

- Организирање и поттикнување на соучениците за колективно изостанување од настава на подолг временски период;
- Предизвикување и поттикнување насилно однесување;
- Поттикнување, предизвикување и учество во физичка пресметка или друго однесување со кое може да ја загрози сопствената и туѓата безбедност во и надвор од училиштето;
- Уништување на службени документи на училиштето;
- И во сите случаи од Трето ниво на насилство, кога мерките за промена на однесувањето не покажуваат резултати.

- **Оваа педагошка мерка ја изрекува Одделенски совет, Наставнички совет и директорот на училиштето.**
- **Ако некои од учениците, кои учат во таа паралелка, претходно имаат добиено некоја педагошка мерка, кај нив ќе биде запишана наредната последователна педагошка мерка.**

5. НАМАЛЕНО ПОВЕДЕНИЕ

Педагошката мерка намалено поведение на **добро** ќе се примени поради:

- Повторување на постапките за кои ученикот има изречена педагошка мерка преместување во друга паралелка;
- Континуирана повреда на достоинството на други лица со навредување, омаловажување или ширење на лаги и невистини;
- Кражба;
- И во сите случаи од Трето ниво на насилство, кога мерките за промена на однесувањето не покажуваат резултати.

Педагошка мерка намалено поведение на **незадоволително** ќе се примени поради:

- Користење или наведување на користење на психоактивни супстации
- Внесување или конзумирање психоактивни супстанции во училишниот двор и во објектот на училиштето;
- Напад кој резултира со тешки физички последици за други лица;
- Изнудување и принудување на сексуална активност;
- Користење, злоупотреба, фалсификување и уништување на службени документи на училиштето, сопствени и податоци на друг ученик од педагошката документација;
- Често предизвикување на физичко и психичко насилство на учениците;
- Повторување на постапките за кои ученикот има изречена педагошка мерка намалено поведение на **добро, <u>се применува педагошка мерка незадоволително,</u>**

- **Оваа педагошка мерка ја изрекува Одделенски совет, Наставнички совет и директорот на училиштето.**

Член 38

Педагошките мерки по основ на **неоправдани изостаноци** се изрекуваат во следниве случаи:

1. УСНА ОПОМЕНА

- Неоправдано отсуство од 10 наставни часа;

- **Оваа педагошка мерка ја изрекува одделенскиот раководител на паралелката.**

2. ПИСМЕНА ОПОМЕНА

- Неоправдано отсуство од 11-15 наставни часа;

- **Оваа педагошка мерка ја изрекува одделенскиот раководител на паралелката.**

3. УКОР

- Неоправдано отсуство од 16-20 наставни часа;

- **Оваа педагошка мерка ја изрекува Одделенски совет, Наставнички совет и директорот на училиштето.**

4. ПРЕМЕСТУВАЊЕ НА УЧЕНИК ВО ДРУГА ПАРАЛЕЛКА

- Неоправдано отсуство од 21-29 наставни часа;

- **Оваа педагошка мерка ја изрекува Одделенски совет, Наставнички совет и директорот на училиштето.**

5. НАМАЛЕНО ПОВЕДЕНИЕ

- Со евидентирани 30 и над 30 неоправдани изостаноци - **незадоволително поведение**

- **Оваа педагошка мерка ја изрекува Одделенски совет, Наставнички совет и директорот на училиштето.**

Член 39

Пред изрекување на педагошка мерка, претходи разговор со ученикот и родителот/старателот на ученикот. Разговорот најпрво е должен да го води одделенскиот раководител на ученикот, предметниот наставник, стручните соработници, а по потреба и директорот на училиштето.

Член 40

За остварениот разговор т.е. советодавно-консултативна средба се води записник од страна на лицето кое го реализира разговорот (одделенскиот раководител на ученикот, предметниот наставник, стручните соработници, а по потреба и директорот на училиштето).

Записникот треба да биде потпишан од сите присутни лица, освен децата.

Член 41

Изречените педагошки мерки се евидентираат во соодветна педагошка документација:

- усна опомена - во дневник на паралелката, во евидентен лист за несоодветно однесување на ученикот;
- писмена опомена - во дневник на паралелката, во евидентен лист за несоодветно однесување на ученикот;
- укор - во дневник на паралелката, Извештајот од Тимот за поддршка, Одлука од Наставнички совет за изрекување педагошка мерка и во евидентен лист за несоодветно однесување на ученикот;
- префрлување во друга паралелка - во дневник на паралелката, Извештај од Тимот за поддршка, Одлука од Наставнички совет за изрекување педагошка мерка и во евидентен лист за несоодветно однесување на ученикот;
- намалено поведение - во дневник на паралелката, Извештај од Тимот за поддршка, Одлука од Наставнички совет за изрекување педагошка мерка и во евидентен лист за несоодветно однесување на ученикот.

Член 42

Истовремено со изрекување на педагошките мерки директорот на училиштето формира Тим за поддршка кој ќе работи со родителот/старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот и корективно подобрување на однесувањето на ученикот.

Тимот за поддршка е составен од двајца претставници од редот на стручните соработници и еден наставник. Училиштето може да повика и трети лица, (социјален работник) да учествуваат во тимот за поддршка.

Тимот за поддршка се формира секој пат кога се изрекуваат педагошки мерки.

Член 43

За секоја изречена педагошка мерка се известува ученикот и неговиот родител/старател.

По изречената педагошка мерка, на родителот/старателот навремено и уредно (лично на рака или по пошта) во писмена форма му се доставува образец за изречена педагошка мерка.

Член 44

Доколку изречената педагошка мерка е за оштетување на училишниот инвентар, родителот односно старателот на ученикот, е должен да ја поправи или надомести штетата.

Член 45

За изречените педагошки мерки од член 34 од овој Правилник, родителот/старателот може да поднесе приговор во рок од 8 дена од денот на известувањето. Приговорот го одлага извршувањето на педагошката мерка. Приговорот се поднесува до Училишниот одбор. Училишниот одбор во рок на 5 работни дена од денот на приемот на Приговорот одлучува по истиот.

При разгледување на Приговор, Училишниот одбор на седница може да повика други лица кои што директно или индирекно инволвирани или значајни за конкретниот случај, со цел подетално запознавање со случајот по кој се разгледува Приговорот.

При одлучувањето Училишниот одбор може да ја потврди изречената педагошка мерка, да ја поништи, укине или замени со друга полесна педагошка мерка.

Одлуката на Учлишниот одбор е конечна.

Член 46

Педагошките мерки од член 34 од точка 1, 2, 3 на овој Правилник важат до крајот на учебната година во која се изречени. Кога ќе настанат позитивни промени кај ученикот, изречената педагошка мерка намалување на поведението се повлекува. За повлекување на педагошката мерка намалено поведение одлучува одделенскиот/наставничкиот совет.

Во одредени случаи кога е направено тешко прекршување на правилата на училишниот живот може да се пристапи кон изрекување на одредена педагошка мерка без да се следи редоследот на изрекување на педагошките мерки.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 47

Со одредбите на овој Правилник задолжително да се запознаат сите родители, како и сите ученици соодветно на нивната возраст, веднаш по неговото усвојување и стапување на сила, како и на почетокот на секоја учебна година.

Член 48

Обврска на секој наставник е да постапува, да се повикува и да се раководи според одредбите од овој Правилник.

Член 49

Правилникот влегува во сила со денот на донесување и истиот ќе биде објавен на веб страната на училиштето.

Изготвил:

Мерлина Русева - Советник
за нормативно-правни и општи работи , во
соработка со Родители од Совет на родители;

Претседател на Училишен Одбор

Росица Младеновска Андоновска

ПРИЛОЗИ:

Табели со нивоа на насилство во согласност со Упатство од МОН.